Член 2

Прилогот 3 се заменува со нов Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 17 - 4933/1
29 мај 2023 година
Скопје

Министерство за здравство,
Министер,
д-р **Фатмир Меџити** с.р.

Бр. 02 - 1490/1
9 мај 2023 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
в.д. Директор,
**Николче Бабовски** с.р.

Прилог 3

**СУПСТАНЦИИ ЧИЈА УПОТРЕБА ВО ХРАНАТА Е ЗАБРАНЕТА ИЛИ ОГРАНИЧЕНА**

Дел А — Забранети супстанции

Растението Ефедра и неговите преработки кои потекнуваат од видовите *Ephedra,*
Кора од растението јохимб и нејзините преработки кои потекнуваат од Јохимб (*Pausinystalia yohimbe* (K. Schum) Pierre ex Beille)

Дел Б
Ограничени супстанции

| Ограничени супстанции | Услови за употреба | Дополнителни барања |
|---|---|---|
| Транс - масти освен транс - масти кои природно се појавуваат во масти од животинско потекло | Максимум 2 грама на 100 грама масти во храна наменета за крајниот потрошувач и храна наменета за малопродажба | Кога количина надминува 2 грама на 100 грама масти, операторите со храна кои ги снабдуваат останатите оператори со храна, со храна која не е наменета за крајниот потрошувач или не е наменета за снабдување на малопродажба, треба да гарантираат дека на операторите со храна кои ги снабдуваат со храна им се доставени информации за количината на транс - масти, освен за транс - масти кои природно се појавуваат во мастите од животинско потекло. |